Уп. бр.08-95

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Месер СЕ & Цо КГаА (Messer SE & Co. KGaA), со седиште во Мессер Плац 1, 65812 Бад Соден ам Таунус, Сојузна Република Германија, преку Адвокат Владо Илиевски од Скопје, на седницата одржана на ден 26.07.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Месер СЕ & Цо КГаА (Messer SE & Co. KGaA), со седиште во Месер Плац 1, 65812 Бад Соден ам Таунус, Сојузна Република Германија стекнува единствена контрола над **Јети Герман Ко. 1 ГмбХ** (Yeti GermanCo 1 GmbH) со седиште на Месер Плац 1, 65812 Бад Зоден ам Таунус, Сојузна Република Германија и **Јети Веархаус ГмбХ** (Yeti Warehouse GmbH) со седиште на Месер Плац 1, 65812 Бад Зоден ам Таунус, Сојузна Република Германија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 29.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Месер СЕ & Цо КГаА (Messer SE & Co. KGaA), со седиште во Месер Плац 1, 65812 Бад Соден ам Таунус, Сојузна Република Германија, со која Месер СЕ & Цо КГаА Сојузна Република Германија стекнува

единствена контрола над Јети Герман Ко. 1 ГмбХ (Yeti GermanCo 1 GmbH) со седиште на Месер Плац 1, 65812 Бад Зоден ам Таунус, Сојузна Република Германија и Јети Веархаус ГмбХ (Yeti Warehouse GmbH) со седиште на Месер Плац 1, 65812 Бад Зоден ам Таунус, Сојузна Република Германија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Месер СЕ & Цо КГаА е холдинг компанија од групацијата компании Мессер Груп (Messer Group), производител на индустриски гасови. Месер СЕ & Цо КГаА дејствува како менаџмент холдинг компанија и, заедно со нејзините филијали и заеднички компании (joint ventures), ја формира Месер Груп. Месер Груп произведува и продава индустриски гасови, како кислород, азот, аргон, јаглерод диоксид, водород, хелиум, заварувачки гасови, специјални гасови, медицински гасови и многу разни гасни мешавини. Тие се употребуваат во разни индустриски сектори како обработка на челик и метал, хемикалии, храна и фармација, автомобилска и електронска индустрија, медицина, истражување и одржлива технологија.

Месер СЕ & Цо КГаА е присутен во Р. Северна Македонија како единствен содружник во МЕСЕР ВАРДАР ТЕХНОГАС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Источна индустриска зона ББ, со главна дејност производство и продажба на индустриски, технички и медицински гасови.

Јети Герман Ко. 1 ГмбХ се занимава со менаџирање на компании и претприемништва.

Јети Веархаус ГмбХ се занимава со менаџирање на компании и претприемништва и административни и канцелариски услуги.

Јети Герман Ко. 1 ГмбХ и Јети Веархаус ГмбХ не се присутни во Р. Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од

Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**